08-596/4
22-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-3309/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3309/1 од 19.12.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-3309/1 од 19.12.2025 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ------------ по престанок на функцијата градоначалник на --------------------.
Државната комисија заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба направи увид во Централен Регистар на Република Северна Македонија и од Историјатот на промени на субјектот Општина Врапчиште во Актот врз основа на кој е извршена промената на овластеното лице наведена е Одлука за избран градоначалник на -------------- со бр.18-10681/1 од 25.11.2025 година издадена од Влада на РСМ со што на истиот датум му престанува функцијата градоначалник на лицето ------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ------------------ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот

на престанувањето на функцијата градоначалник на ------------ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето -------------- и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-596/2 од 30.01.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател
Адем Чучуљ

Изготвил: М.С, помлад соработник
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D, член/anëtar